


Во рамките на седмото издание на манифестацијата “Топол културен бран”, во организација на Општина Неготино и Министерството за култура, на **31 јули (четврток)** со почеток од **20.00 часот** во салата на Центарот за култура “Ацо Ѓорчев” ќе биде прикажана урнебесната театарска комедија “Жена ми се вика Борис” во изведба на аматерскиот театар од Демир Капија.

Општина Неготино е меѓу 25-те општини во државата во која што Министерството за култура ја поддржа оваа манифестација, која ќе продолжи и во месец август, со реализација на следните културни настани:

- **22 август**, со почеток од **21 часот** во изложбениот салон на Музејот на град Неготино ќе биде отворена Ликовната изложба на академскиот сликар Драги Хаџи Николов – Аџи;
- секој ден од **25 до 29 август**, во кино салата на НУЦК “Ацо Ѓорчев” со почеток од **20.30 часот** љубителите на филмот од нашата општина ќе имаат можност да погледнат пет македонски играни филмови;
- **31 август**, со почеток од **20.30 часот** на градскиот плоштад, ќе се одржи Ликовен хепенинг во организација на галерија АРТ-М од Неготино.